Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 17.02.2023

На 16.02.2023 во 17.45 часот во Скопје, полициски службеници од Секторот за недозволена трговија со дрога и оружје во Одделот за криминалистичка полиција при МВР и од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.С. (41) од Скопје. При претрес во неговиот дом „извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, повеќе пакувања со грани и лисја од растението канабис, семки од канабис и едно пакување со густа црна материја. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2023 во 21.10 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Х.(41) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Центар, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2023 во 00.05 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Х.(23) од Косово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.02.2023 во 20.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Р.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.02.2023 околу 21.20 часот во тетовски Пирок, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.В.(26) и К.А.(26) од гостиварски Градец и С.А.(24) од Гостивар. При нивен и преглед на патничко моторно возило „форд фиеста" со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена и одземена марихуана. Тројката биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 16.02.2023 околу 19.50 часот на улица „Љубо Божиновски-Пиш" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.Р.(18) од тетовска Мала Речица и Е.Н.(18), А.А.(18) и Е.Т.(18), сите од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 16.02.2023 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Т.(27) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 16.02.2023 во СВР Битола било пријавено дека во дворното место на С.М.(61) во С.Кукуречани, Битолско, била пронајдена неексплодирана артилериска граната со калибар 122 мм. од Прва светска војна. Гранатата била безбедно подигнта од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување. Увид бил извршен.

Во текот на вчерашниот ден (16.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 174 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 106 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 68 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (16.02.2023) во периодот од 10.00 до 14.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 67 возачи. За време на контролата санкционирани се и 118 останати прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (16.02.2023) во периодот од 12.00 до 16.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведена е акциска контрола на возила што вршат јавен превоз на ученици. При контролата констатирани се 37 сообраќајни прекршоци, а на вонреден технички преглед беа упатени четири возила.

На 16.02.2023 од 10.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи, во која се откриени и санкционирани вкупно 28 прекршоци (ТЕ-20 и ГВ-8). Најголемиот број од прекршоците (20) се одневување на непропуштање на пешаците на обележани пешачки премини. Покрај ова, санкционирани биле и 9 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со парични глоби кои се движат од 20 до 250 евра во денарска противвредност, а некои од прекршителите и со времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 16.02.2022 во 07.15 часот во СВР СКопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Благоја Стефковски" со ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје, патничко моторно возило „мерцедес" со битолски регистарски ознаки, управувано од О.С.(60) од Битола, удрило во велосипед управуван од А.Г.(49) од Скопје. Во несреќата се тешко телесно повреди се здобила А.Г. констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.02.2022 во 14.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на сервисна улица која ги поврзува обиколницата на град Скопје со крстосница од ул.„Илија Авдовиќ" со ул. „Старцински Пат" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „сеат толедо" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(25) од С.Булачани, скопско и патничко моторно возило „југо корал" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(73) од С.Булачани. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „југо", Л.Т.(73) од С.Булачани, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.02.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Партизански Одреди" со бул.„8-ми Септември", патничко моторно возило удрило во пешакот М.С.(79) од Скопје. По несреќата, возачот ја пренел М.С. во Градската општа болница „8-ми Септември", каде и биле констатирани тешки телесни повреди, по што заминал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 16.02.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, И.Љ.(28) од Охрид пријавил дека на ул.„Лондонска" бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2023 во 11.25 часот, З.М.(43) од Кичево во полициска станица пријавил дека на булеварот „Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2023 во 14.25 часот СВР Тетово, А.А.(75) од Тетово пријавил дека на улица „Димо Гавроски-Кара" во Тетово бил каснат од куче скитник.

Денеска (17.02.2023) во 11.15 часот на ул.„Вера Радосавлевиќ" во Скопје, полициски службеници од ЕВР Гази Баба ги лишиле од слобода Х.С.(58) од Гостивар, со престој во С.Арачиново, скопско и В.А.(57) од С.Арачиново. Тие биле затекнати при извршување кражба. По пресмеани мерки било утврдено дека денеска тие извршиле три кражби, кои се расчистени. Исто така, по извршени проверки било констатирано дека Х.С. бил баран за издржување затворска казна. Тој ќе биде спроведен во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против М.С.(38), П.С.(62), К.М.(41), Р.Л.(43) и Г.Б.(37), сите од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „злоупотреба на лични податоци" и против Р.Ѓ.(51), Т.С.(50), С.С.(51), Л.С.(44), Д.А.(45) и Е.М.(48), сите од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци" и поттикнување во извршување на кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Шесто, седмо, осмо, девето, десето и единаесето пријавените, доставувани и превозници на огревни дрва, во периодот од почетокот на октомври 2022 година, набавиле лични податоци од 19 лица од Кавадарци, од едно лице од општина Ранковце и од едно лице од Скопје, со лажно ветување дека ќе им донесат огревни дрва од ЈП „Национални шуми" - подружница Шумско стопанство „Бор" Кавадарци. Потоа ги поттикнале правте пет пријавени, вработени како самостојни референти во Шумско стопанство „Бор", да ја злоупотребат службената положба и овластување и да ги злоупотребат личните податоци на овие лица за издавање на „Дозволи за сеча во државни шуми од страна на физички лица за сопствени потреби", кои согласно член 66 од Законот за шуми се издаваат на лица со место на живеење во рурални подрачја и по поднесено лично барање. Со ваквото дејствие пријавените предизвикале штета на ЈП „Национални шуми" - подружница Шумско стопанство „Бор" Кавадарци со 157 кубни метри исечено огревно дрво или 256.291 денари.

СВР Битола до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против Јавното комунално претпријатие „Водовод" - Битола и против П.М.(39) од Битола, в.д. директор на претпријатието, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење", казниво по член 244 од Кривичниот законик. Второпријавениот, во текот на април и мај 2022, без да изготви соодветна документација и проект и без одобрение за градба, дозволил изградба на подземна инсталација на место каде претходно не постоела.

На 16.02.2023 во 09.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен Ј.К.(19) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на градежни работи во објект на подрачјето на Центар. Полициски службеници од СВР Скопје извршиле увид на местото на настанот.

На 17.02.2023 во 03.00 часот во СВР Скопје, Ј.С.(20) од Скопје пријавила дека околу 01.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар била физички нападната од Б.Р.. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(30) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 20.12.2022 пријавениот се договорил со лице од Тетово да му изработи мебел, по што лицето дало капар од 55.000 денари, а тој не ја завршил договорената работа.

На 16.02.2023 во 22.00 часот во СВР Скопје, Д.М.(58) од Скопје пријавила дека околу 15.00 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од М.Н., кој употребил и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.02.2023 во 23.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.50 часот во објект на бул.„Александар Македонски", по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ј.(58) и Ј.Г.(44), двајцата од Скопје, при што бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот, ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (17.02.2023) во 02.30 часот во СВР Скопје, 46-годишна жена од скопско село пријавила дека на 16.02.2023 околу 18.00 часот во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот син Н.П.(28) и нејзиниот сопруг Р.П., кој употребил и тврд предмет. Според пријавеното, Н.П. физички ја нападнал и нејзината керка. Се пресмеат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2023 во во ОВР Свети Николе било пријавено дека околу 17.00 часот во с.Дорфулија, општина Ново, поради недоразбирање околу извршени градежни работи, Б.А. и Б.А. од с.Дорфулија им се заканиле и се обиделе со остар предмет да ги нападнат М.В., С.М. и А.И., сите од Велес. За настанот бил известен јавен обвинителот, а по целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.Д.(43) и А.К.(27), двајцата од Кратово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 31.12.2022 во угостителски објект во Куманово, пријавените физички го нападнале Г.С. од Куманово, по што И.Д. се обидел да го нападне со остар предмет.

На 16.02.2023 во 22.30 часот во СВР Скопје од КПУ Затвор Скопје било пријавено дека Б.Џ., затвореник во установата, пријавил дека бил физички нападнат од полициски службеници. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Р.(47) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 18.04.2022, на објава на социјална мрежа Фејсбук, пријавениот објавил коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 16.02.2023 во 10.17 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Кемал Сејфула" во Скопје, едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се пресмеат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.М.(46) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 24.01.2023 на регионалниот пат Тетово - С.Јажинје, кој место викано „Непроштенска Јурија", полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „мерцедес спринтер", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.